Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПЛАНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**- За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE -**

1. Се објавува Планот за изменување на Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 20 декември 2022 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-7567/11**
**од 22 декември 2022 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (6) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на деветнаесеттата седница одржана на 20 декември 2022 година, донесе

# П Л А Н

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПЛАНОТ НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## - За изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE -

### Член 1

Во Планот на програми за развој на Општина Гази Баба - за изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на комплекс EAST GATE ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.11/20), во член 2 табеларниот преглед се менува и гласи:

**Образец В 1**

**ПЛАН НА ПРОГРАМИ ЗА РАЗВОЈ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Име на буџетска програма** | **УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ** | **Ознака на буџетска програма** | **ФА** |
| **Развојна потпрограма** | **ИЗГРАДБА НА КОМУНАЛНА И СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА НА КОМПЛЕКС EAST GATE** | **Ознака на развојна потпрограма** | **ФАЕ** |
| **Лице за контакт** | **Сашо Трајков** | **тел.** | **389 (2) 322 66 55** |
| **Функција:** | **Раководител на сектор за локален економски развој и европски интеграции** | **E-mail** | **contact@gazibaba.gov.mk** |
| **Адреса:** | **ул. „Архимедова“ бр. 2 - Општина Гази Баба** | | |

| | **ОПИС** |
|---|---|
| **Цели на развојната потпрограма** (идентификација на цели кои ќе се постигнат со реализација на развојната потпрограма) | Изградба на комунална и сообраќајна инфраструктура на улица 1647 (крак 1, крак 2, крак 3, крак 4, крак 5, крак 6, крак 7, крак 8 и крак 9) во комплексот EAST GATE до крајот на 2025 год.; Да се создадат инфраструктурни предуслови за деловно, трговско, сообраќајно, комунално, резидентно и потрошувачко функционирање на Смарт Сити комплексот EAST GATE; |
| **Планирани активности** | 1 - Добивање на одобрение за градба; 2 - Распишување на јавна набавка за изградба на комуналната и сообраќајната инфраструктура; 3 - Изведба на комунална и сообраќајна инфраструктура на улица 1647 (крак 1, крак 2, крак 3, крак 4, крак 5, крак 6, крак 7, крак 8 и крак 9) во комплексот EAST GATE до крајот на 2025 год. 4 - Вршење надзор при изградбата; |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Очекувани резултати** | 1- Финализирање на изведбата на комунална и сообраќајна инфраструктура на улица 1647 (крак 1, крак 2, крак 3, крак 4, крак 5, крак 6, крак 7, крак 8 и крак 9) во комплексот EAST GATE до крајот на 2025 год; 2 - Отварање на нови 1000 директни работни места и 2500 индиректни работни места до крајот на 2023 година; 3 - Раст на локалната економија за 10% до крајот на 2025 година; | | | | | | |
| **Ризик и претпоставки** | 1 - Остварување на очекуваните приходи во буџетските години; 2 - Проблеми во процесот на тендерирање на предметната набавка; 3 - Запазувањето на роковите од динамичкиот план за изведба на комуналната и сообраќајна инфраструктура; | | | | | | |
| **Датум на започнување со имплементација на** | Септември 2020 година | | | | | | |
| **Датум на завршување на проектот** | Декември 2025 година | | | | | | |
| **Вкупна вредност** | 149.382.014,00 денари | | | | | | |
| **Име на студија** | 28 Основни проекти за изградба на улици, сообраќајно решение, електрика, хидротехника (водоводна мрежа, атмосферска канализација, фекална канализација) за крак 1, крак 2, крак 3, крак 4, крак 5, крак 6, крак 7, крак 8 и крак 9 на улица 1647 и 3 Основни проекти за потпорни ѕидови, | | | | | | |
| **Ниво на студија*** | Основен Проект | | | | | | |
| **Автор/Фирма, Седиште** | Градежен Институт Македонија | | | | | | |
| **Датум на изготвување на проектна документација** | Декември 2019 година | | | | | | |
| | | **2020** | **2021** | **2022** | **2023** | **2024** | **2025** |
| **Индикатори** | реализирани буџетски средства | 0 | 25.821.146,00 | 21.814.670 | **42.227.338** | **36.818.860** | **22.700.000** |

*ДИП = Документ за идентификација на проектот (студија) ПФС = Предфизибилити студија

ИП = Идеен проект ФС = Физибилити студија

ГП = Главен проект

**Член 2**

Овој план на програми за развој на Општина Гази Баба влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-7454/13**
**од 20 декември 2022 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**